calivita




# ЗОШТО CALIVITA

Најчесто поставувани прашања за мрежата на Calivita®

calivita

Shine on

# Вовед

Доколку неодамна сте се зачлениле во мрежата на Calivita® или пак сте имале контакт со производите на брендот Calivita или пак некој од нејзините дистрибутери, секако ќе имате некои дополнителни прашања или појаснување на некои тврдења.
Можеби веќе знаете дека ние сме Компанија која работи на принципот - директна продажба.
Постоиме веќе 30 години на европскиот и македонскиот пазар, и во нашето портфолио има голем број високо квалитетни производи, лиценцирани од државни институции (најголемиот број како додатоци во исхраната, но и како козметички производи, природни производи за хигиена во домот, високо квалитетни електронски производи и др.).
Со помош на нашите производи и системот на наградување, успеваме да изградиме силна и ефикасна мрежа од дистрибутери, кои претставуваат основен столб на Calivita бизнисот!
Во продолжение ќе пробаме да Ви одговориме на најчесто поставуваните прашања кои Компанијата или нејзините партнери ги добиваат од оние кои за прв пат остваруваат контакт со производите или бизнис моделот на Calivita. Избравме некои од тие прашања и ги одговоривме во текстот кој следи со намера дека ќе Ви помогне да ја видите правата слика на бизнис моделот на Calivita.
Се надеваме дека овие информации кои следат ќе Ви бидат од голема помош и ќе Ве уверат дека вреди да се зачлените во мрежата на Calivita!




# Која е нашата основа?

Основата на нашиот бизнис, кој ни донесе успех и препознавање, се состои од:

• Производи со природен состав кој има највисок квалитет, во најголем број произведени во САД, кои се светски лидер на пазарот на додатоци во исхраната

• Мотивирачки и флексибилен бонусен систем на наградување, кој дозволува партиципација на нашите партнери да имаат удел во финансискиот успех на самата Компанија

# Содржина


## Зошто Calivita?

**1.** Зошто Calivita®?
**2.** Кои се предностите од зачленувањето во мрежата на Calivita®? Кои се недостатоците?

## Зачленување во мрежата на Calivita®

**3.** Што значи спонзор или спонзорска група? Зошто ми е потребен спонзор?
**4.** Што треба да купам/направам за да се зачленам во мрежата на Calivita® или пак да го продолжам моето членство?
**5.** Доколку се зачленам во мрежата на Calivita, дали е тоа на одреден временски период? Што треба да направам доколку не сакам повеќе да бидам член?
**6.** Дали може мојата сопруга/сопруг и јас да имаме различен спонзор?

## Права и обврски

**7.** Кои се моите права и обврски со зачленувањето во мрежата на Calivita?
**8.** Кој има пристап до моите лични податоци кои ги давам при зачленувањето?
**9.** Дали овој систем на продажба е легален?
**10.** Јас сакам само да ги користам производите на Calivita и не сум заинтересиран/а за бизнис можностите. Зошто тогаш да се зачленам и да имам одредени права и обврски?
**11.** Дали се потребни дополнителни податоци доколку заработката ја добивам како исплата на парични средства?
**12.** Дали е задолжително да внимавам на малопродажната цена (33% разлика) при понуда на производите на луѓе кои не се членови во Мрежата?
**13.** Дали попустот кој го добивам од Calivita ќе ми направи финансиски обврски кон државата (данок или др.)? Дали треба да ги пријавувам при пополнувањето на годишната даночна пријава?

## Дополнителни информации за производите

**14.** На пазарот имам видено слични, но поевтини производи. Како ги објаснувате овие разлики во цените?
**15.** Не се разбирам многу во додатоците во исхраната. Како да ги препорачувам?
**16.** Ме советуваа да користам поголеми дози од оние кои се запишани на самата етикета на производот. Дали ова може негативно да влијае на моето здравје?

## Calivita, Вашиот бизнис модел!

**17.** Сакам дополнително да заработувам! Дали Calivita може да ми помогне?
**18.** Немам никакво искуство во бизнис. Како Calivita ќе ме поддржи во тоа?

## Бонуси, попусти и други видови на дополнителна заработка

**19.** Што претставуваат Бонусните Поени (БП), Трговските Поени (ТП), ниво на успех?
**20.** Како се калкулираат БП во парични средства?
**21.** Не разбирам како ќе заработувам доколку зачленувам други лица во Мрежата. Дали и тие нешто ќе заработуваат или пак тие ќе работат за мене?
Дали јас работам за мојот спонзор?
**22.** Би сакал/а повеќе информации за бонусните исплати!
**23.** Што ќе се случи со попустот кој го имам (во зависност од нивото на успех) доколку не го искористам еден месец од неговото објавување?
Дали овие средства повеќе не можам да ги користам?
**24.** Кој е максималниот процент на попуст кој можам да го добијам на една сметка/фактура?
**25.** Од кое ниво на успех може да ги добивам бонусните исплати како исплата во банка на сопствена сметка, а не како попуст?
**26.** Кои услови треба да ги исполнам за една сметка/фактура да биде калкулирана за бонуси во одреден месец?

## Calivita online

**27.** Кои информации можам да ги најдам на официјалната Calivita® web страна (за Македонија), www.calivita.mk?
**28.** Би сакал/а да изградам сопствен Calivita бизнис online, на моја лична web страна. Дали ова е возможно?
**29.** Би сакал/а да ги продавам производите на Calivita online, но сепак имам малку познавање со компјутерите и техниката!

## Дополнителни информации

**30.** Нема Calivita Центар/Продавница во мојот град на живеење, како можам да ги нарачувам производите?
**31.** Добив e-mail кој содржи “Performance list/Листа на месечни постигнувања”. Што претставува тоа?
**32.** Кои се предностите на користење на Поштенската достава на Calivita® Македонија?
**33.** Живеам во странство. Како можам да нарачам производи од Calivita?
**34.** Дали знаевте дека...?

## 1. Зошто Calivita®?

Ова е прилично комплексно прашање и за целосен одговор би требало многу повеќе страници отколку што има овој прирачник! Без разлика, во продолжение Ви претставуваме неколку главни причини:

• Бидејќи нашата Компанија има голема палета на високо квалитетни производи, единствени производи (пр. мултивитамините од семејството Vital), производи со уникатни формули (пр. "Delayed release" - постепено ослободување, подјазични топливи таблети, гел таблети за жвакање и др.), уникатни комбинации на билки и заштитени мешавини и др.

• Друга причина би бил екстремно мотивациониот и флексибилен бонусен и награден систем, кој не бара од Вас да имате одреден промет, не Ви создава притисок и Ви дозволува да го организирате сопственото време и активности според Вашата динамика.

• Calivita подразбира тимска работа, споделување на вредности, информации и искуства како и нови пријателства. Ќе имате можност да уживате во прекрасна атмосфера креирана од заедница за која најважен е здравиот животен стил, која е ориентирана кон успех, мотивирана и секогаш спремна да ги препознае и награди успесите и квалитетите на секој нејзин член. Ќе имате можност да ја уживате оваа убава атмосфера во Вашите дневни активности, заедно со Вашите најблиски соработници и тоа на голем број организирани настани, интернационални семинари и кампови организирани од Calivita®, каде воедно е одлична прилика да запознаете несекојдневни луѓе и места!

• Тука треба да додадеме веќе 3 децении успешна работа на европскиот и македонскиот пазар, како гаранција за професионализмот и искреноста на овој бизнис модел!

## 2. Кои се предностите на зачленувањето во мрежата на Calivita? Кои се недостатоците?

Главната предност, доколку не сте заинтересирани за градење на сопствен Calivita  бизнис, е пристапот до голема палета на високо квалитетни производи, по цени само за Членови! Понатаму, ќе имате можност да добивате најнови информации за додатоците во исхраната, каде ќе Ви бидат достапни и претставени атрактивни промоции и акции, а доколку постигнете одредени ниво на месечен промет (сами или заедно со оние на кои сте им ги препорачале производите), имате можност на специјални попусти, со кои понатаму купувањето на производите од палетата на Calivita ќе Ви биде уште подостапно!
Доколку се одлучите дека е дојден моментот да започнете со градење на сопствен бизнис, ќе откриете уште поголеми предности со зачленувањето во мрежата на Calivita!
Ние Ви нудиме комплетно функционален бизнис модел, за кој не Ви е потребна голема почетна инвестиција и Ви дозволува да имате многу внимателен, но сепак прогресивен пристап. Практично, овој бизнис модел нема никаков ризик кон Вас, Вашите финансии или време!
Доколку се земат предвид минималните услови кои треба да се исполнат за зачленување во мрежата на Calivita, во тој случај слободно можеме да кажеме дека овој бизнис модел нема никакви недостатоци. Немате никакви обврски, како што е минимален промет (куповина) или слични услови. Понатаму, доколку го промените Вашето мислење по зачленувањето и сакате да го прекинете Вашето членство, нема никаква пречка за тоа! Ние како Компанија ќе ја почитуваме Вашата одлука и доколку не сте ги користеле производите истите можете да ги вратите назад во продавницата (во текот на календарскиот месец кога сте го направиле Вашето членство), исто така ќе Ви бидат вратени и парите во целосен износ без скриени трошоци или пенали.

## 3. Што претставува спонзор или спонзорска група? Зошто ми е потребен спонзор?

Термините кои ги користиме (исто како и другите компании кои работат со директна продажба), можат да звучат „малку збунувачки“. Но сепак дозволете ни да Ви објасниме за што станува збор: компаниите кои се специјализирани за директна продажба ќе Ве регистрираат како нов член во групата на лицето коешто Ве информирало за бизнисот или пак Ви препорачало производи и кое исто така по правило треба да Ви ги објасни правилата и бенефитите од истото. Тоа лице кое Ве зачленило, а со самото членство сте станале партнер со Компанијата, ние го нарекуваме спонзор.
Колку повеќе лица еден член ќе зачлени во Мрежата на Calivita, толку поголеми награди Компанијата ќе му понуди како можност, сè додека тие лица се активни (купуваат или препорачуваат производи од програмата на Calivita). Овие награди не ги плаќаат лицата кои тој член ги зачленил, туку самата Компанија! Никој не работи за својот спонзор, туку Calivita нуди дополнителна компензација за оние Членови чии групи се повеќе активни. Со ова, Компанијата ги охрабрува спонзорите да ги поддржуваат луѓето во нивните групи и да им помагаат и тие да изградат успешен бизнис.
Накратко, и Вие како Член ќе имате свој спонзор. Вашиот спонзор е тоа лице кое Ви кажало за производите или пак Компанијата. Доколку за Компанијата или пак производите сте слушнале случајно или пак преку социјалните мрежи и доколку не познавате никој кој е веќе Член во Мрежата, тогаш Компанијата ќе Ви препорача некој од нашите најдобри партнери/Членови (Менаџери), за да се осигури дека ќе ја добиете најдобрата поддршка од Calivita.
Односот со Вашиот спонзор го избирате Вие: може да имате блиска соработка и може да Ви помогне во градењето на успешен бизнис, како и успешна и правилна Мрежа, да Ви помогне подобро да ги запознаете производите, да Ве насочи кон најновите информации во Мрежата на Calivita (производи, промоции, предности и др. новини), или пак да немате никакви контакти со Вашиот спонзор. Одлуката е Ваша, но сепак ние Ве советуваме да ги искористите предностите, да имате свој спонзор кој безрезервно ќе Ви го предаде целото свое знаење и искуство.

## 4. Што треба да купам/направам за се зачленам во мрежата на Calivita или пак да го продолжам моето членство?

За разлика од другите слични компании каде што е потребно да се платат одредени влезни трошоци при самата регистрација, во Мрежата на Calivita можете бесплатно да се зачлените! Доколку купите производи со одредена вредност, автоматски добивате право на бесплатно членство. Дополнително, зависно од сумата на производите или пак моменталните промоции ќе имате можност за подарок, бонуси или пак попуст.
Лесно можете да го продолжите Вашето активно членство со кумулативно купување на Calivita производи, во период од една календарска година или пак купување на одредена вредност на производи на една сметка во период од Септември до Декември.

## 5. Доколку се зачленам во мрежата на Calivita, дали е тоа на одреден временски период? Што треба да направам доколку не сакам повеќе да бидам член?

Членството во Мрежата на Calivita има важност во одреден временски период, поточно во текот на една календарска година (тековната или пак при зачленување по 30 Јуни и во текот на следната календарска година). Со цел да го продолжите активното членство, треба да исполните одредени услови (погоре спомнати). Доколку повеќе не сакате да бидете Член, сè што треба да направите е да испратите писмено барање до Компанијата (писмо, e-mail и др). Вашето барање веднаш при приемот ќе биде процесирано и Вашето членство повеќе нема да биде валидно.

## 6. Дали може мојата сопруга/сопруг и јас да имаме различен спонзор?

Правилникот за работа со Мрежата на Calivita®, предвидува дека сопружниците може да имаат ист или посебни Членски кодови со кои можат да ги извршуваат своите активности во мрежата, но сепак мора да имаат ист спонзорски код (или едниот на другиот да му биде спонзор).



## 7. Кои се моите права и обврски со зачленувањето во Мрежата на Calivita?

При самото зачленување добивате материјали на кои има линк преку кој можете да го прегледате/преземете Правилникот за Работа со Мрежата на Calivita®. Доколку сакате и Вие да имате можност за купување на производите од програмата на Calivita по членски цени (25% пониски од препорачаните малопродажни цени), истата можете многу лесно да ја добиете преку зачленување, додека Вашата единствена обврска ќе биде да го користите Членскиот код (кој е еднистввен и го добивате при самото зачленување) при секое купување, нарачка или плаќање на производите на Calivita.
Што се однесува до правата, нив ги имате многу: сите потрошувачки права во државата каде ги купувате или нарачувате производите (или според Европската легистратива во ЕУ), а каде Компанијата ги додава и следните права: можност за купување на производите на Calivita по повластени/членски цени, разни попусти и промоции, навремени информации, консултации за производите и 100% загарантиран квалитет на истите! Секако, работите се менуваат доколку започнете сопствен Calivita бизнис. Како и во секој бизнис, правни поуки се наметнуваат кон секоја договорна страна (Компанијата и Партнерот/Членот). Ве советуваме внимателно да го прочитате Правилникот за Работа со Мрежата на Calivita®. Компанијата секогаш во најкраток рок ќе ги одговори сите прашања кои ќе ни ги испратите во пишана форма.

## 8. Кој има пристап до моите лични податоци кои ги оставам при зачленувањето?

Постојат две причини зошто Calivita запишува лични податоци при зачленувањето:
Најпрво, за да има контакт, за нови информации, како за производите така и за Мрежата, информации за организирани настани, детали за евентуалната заработка, одредени попусти поврзани со членските кодови и др. За сето ова потребни се: Име, Презиме, адреса на живеење/адреса за достава на производи при нарачка, телефонски број за контакт, e-mail, како и банковна сметка при исплата на евентуална заработка.
Второ, заради финансиски и фискални причини, Calivita има правна обврска да ги предаде податоците за соработниците на Компанијата кои имаат исплата на заработки во текот на фискалната година и тоа: Матичен број или Персонален Фискален број, како и други информации потребни на одредени владини агенции.
Членскиот код на Calivita кој е единствен и го добивате при зачленувањето помага полесно да се идентификува Членот/Партнерот, без подетални проверки во базата на податоци.



## 9. Дали овој систем на продажба е легален?

Активностите на Мрежата на Calivita и нејзините дистрибутери/членови се целосно легални и организирани според Членот 20 од „Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 97/15, 129/15, 53/16 и 120/18“ и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 77/21, 215/21, 295/21, 150/22“ како и Закон за заштита на потрошувачи Член 3.

## 10. Јас сакам само да ги користам производите на Calivita и не сум заинтересиран/а за бизнис можностите. Зошто тогаш да се зачленам и да имам одредени права и обврски?

Како што можевте да прочитате од горенаведеното, немате никакви дополнителни/специјални обврски доколку сакате само да ги користите производите на Calivita. Според тоа, како обичен консумер/корисник НЕ СТЕ обврзани:
• да купувате периодично минимална количина на производи,
• да купувате производи кои се промовирани, а Вие немате потреба од нив,
• да инвестирате дополнителни финансиски средства.
Доколку ги препорачувате производите на Calivita на други лица или им помогнете да се зачленат во Мрежата на Calivita (Вие самите да бидете нивни спонзор), ќе имате можност за дополнителни попусти кои следат при нивното купување на производи. Вие можете да ги користите овие попусти за Вашите идни куповини. Многу е веројатно дека овие попусти ќе Ви ги откријат вистинските можности на Calivita бизнисот!

## 11. Дали се потребни дополнителни податоци доколку заработката ја добивам како исплата на парични средства?

Според правните одредби, како и одредбите на финансиско работење, за да се изврши исплата на банковна сметка, потребно е да се доставаат и лични податоци за корисникот на личната банковна сметка на која ќе бидат префрлени парични средства. На основа на тоа секој корисник на истите, должен е во Calivita Центарот да достави ЕМБГ како и општина на живеење за истите тие средства да бидат обработени од УЈП. Истите податоци подоцна се користат за да се издаде изјава за исплатени средства, која на крајот од фискалната/календарската година ќе Ви биде потребна за поднесување на годишната даночна пријава.



## 12. Дали е задолжително да внимавам на малопродажната цена (33% разлика) при понуда на производите на луѓе кои не се членови во Мрежата?

Calivita® им препорачува на своите партнери да внимаваат на разликата на малопродажната цена од 33% кога ги продаваат производите на други лица кои не се членови, а таа разлика да ја задржат за себе како првостепена заработка од самата продажба. Сепак, ова е само препорака, но не и правило. Секој партнер според своја одлука и сопствена комерцијална политика, може да го постави нивото на првостепена заработка (која може да биде и нула, но никогаш пониска од Членската цена).

## 13. Дали попустот кој го добивам од Calivita ќе ми направи финансиски обврски кон државата (данок или др.)? Дали треба да ги пријавувам при пополнувањето на годишната даночна пријава?

Попустите кои ги добивате при купување на производите на Calivita® се комерцијални попусти, слични на оние во која било друга продавница... Затоа за овие попусти немате никакви дополнителни обврски кон државата, ниту пак е потребно да ги пријавувате во Вашата годишна даночна пријава или да плаќате дополнителни даноци за истите.



## 14. На пазарот имам видено слични, но поевтини производи. Како ги објаснувате овие разлики во цените?

Можеби на почеток ќе помислите дека нашите производи се поскапи од другите на пазарот, но сепак земете предвид дека Calivita во својата програма има само производи од врвен квалитет, кои исто така ги запазуваат највисоките стандарди на пазарот за додатоци во исхраната. Нашиот баланс помеѓу цената и квалитетот е на одлично ниво и Ве мотивираме самите Вие да ги проверите овие тврдења!
Постојат неколку работи кои треба да ги земете предвид кога ја анализирате понудата на пазарот со додатоци во исхраната, за да не бидете измамени со ниска цена или пак агресивна реклама:
Името на производителот/брендот, неговата традиција и кредибилитет
1. Доволно е само да размислите/проверите самите дали одредена основна состојка на производот не потекнува од местото каде што е производителот или пак дека некои производи во својот состав имаат супстанции кои се забранети.
Недостатокот на регистрација од Агенцијата за Храна и Ветерина, МалМед, Фармаколошкиот институт или други компетентни институции - е доказ дека производот за кој истражувате во својот состав има забранети супстанции кои можат да бидат штетни по човековото здравје.
2. Цена по грам на активна супстанција - некои компании оваа информација не ја прикажуваат или пак ја декларираат со мали букви или во друга форма која не е сосема јасна, што може да доведе до заблуда кај потрошувачите/консумерите. Ниската цена понекогаш може да значи мала концентрација на активна супстанција, како на пример под комерцијалното име на производ Coenzyme Q10 може да биде рекламирано дека содржи 10 мг., 20 мг., 30мг., но во составот дека има само 1 мг. активна CoQ10 компонента во една капсула, додека од друга страна начинот на употреба е повеќе капсули на ден! Доколку внимателно ги разгледате активните компоненти во составот на производот, може да увидите дека реалната цена е многу повисока од онаа која се рекламира!
3. Број на капсули/таблети - ова е уште една метода на која се доведуваат консумерите во заблуда дека одреден производ има пониска цена. Најпроста калкулација може да Ви покаже која е реалната цена на производот во однос на времето во кое би го користеле!

## 15. Не се разбирам многу во додатоците во исхраната. Како да ги препорачувам?

Најефикасен начин за работа со Calivita е прво Вие да бидете задоволен корисник од производите на Компанијата! Само доколку сте и самите Вие убедени во квалитетот и резултатот на истите и откако ќе бидете најпрво лојален потрошувач, само тогаш ќе успеете успешно да ги препорачувате и на други луѓе!
Calivita Ви нуди можност да бидете во контакт и консултација со нашите доктори, лично во Calivita Центарот во Скопје, телефонски на официјалните контакт телефони, преку e-mail, од нашата web страна www.calivita.mk или пак преку кој било од нашите официјални профили на социјалните мрежи.
Нашите доктори ќе Ви дадат релевантни информации за производите на Компанијата, како што се начин на

користење, нивниот бенефит, комбинацијата со други додатоци или терапии, како и со здрав животен стил.
Исто така, голем број на информации имате и во официјалниот Каталог на производи за мрежата на Calivita или пак на нашата web страна www.calivita.mk. Секако со сите производи достапни Ви се и флаери, печатени материјали или пак материјали во дигитална форма.
Ве советуваме доколку сте во можност (и имате желба) да учествувате во организираните настани од страна на Компанијата или од претставници на Компанијата (медицински конференции, тренинг на производи, семинари на успех, инфо вечери и др.), каде доктори, искусни и успешни менаџери или други специјалисти во своите области се  повикани да го споделат своето знаење и искуство за производите и бизнис моделот на Calivita.

## 16. Ме советуваа да користам поголеми дози од оние кои се запишани на самата етикета на производот. Дали ова може негативно да влијае на моето здравје?

Препорачаните дози и концентрации во производите на Calivita строго се дефинирани според меѓународна регулатива (како и регулатива на државата каде се продаваат).
Сепак, по препорака на доктор или фармацевт секако дека може да Ве советуваат да користите пониски или повисоки дози од препорачаните, каде во овој случај се зема личниот фактор или моменталната здравствена состојба. Сепак како Компанија Ве советуваме да се придржувате до препорачаните дози, освен во случаи и препораки од специјалисти во својата област!



## 17. Сакам дополнително да заработувам! Дали Calivita може да ми помогне?

Значи, доколку навистина сакате да заработувате дополнително, го пронајдовте вистинскиот партнер! Со наша помош, и Ваша истрајност ќе успеете да изградите успешен бизнис!
Вашиот финансиски успех зависи само од Вас! Зависно од вложеното време и труд во Вашиот бизнис и во развојот на личните вештини, Вашата добивка може да биде на завидно ниво.
Многу важен елемент е дека не мора да направите голема инвестиција за да го започнете или градите Вашиот Calivita бизнис, не мора да имате или да купите сопствена залиха на производи, не мора да инвестирате со опремување на продавница или во некој друга скапа опрема за работа и др.
Предноста на Calivita® е во нејзината флексибилност. Самите можете да си го поставите Вашиот ритам на работа, без дополнителен притисок или постигнување на цели кои Ви се наметнати! Зависно од тоа, Вашиот финансиски успех ќе зависи од тоа колку Вие труд и време вложувате во истото!
Во Мрежата на Calivita има многу примери на успешни луѓе и приказни! Ве покануваме да учествувате во организираните настани на Calivita (семинари, тренинзи, конференции, Летен Камп, Calivita Бал и др.), каде ќе имате можност да се запознаете со луѓе кои успеале да го променат сопствениот живот на подобро преку работата со Calivita. Ова е одлична можност да се научи нешто повеќе од нивните лични искуства!
Иако градењето на сопствен бизнис со себе носи и одредени правни обврски (авторизација, даноци и др.) за кои самите сте одговорни, Компанијата како и секогаш е тука да Ви помогне со информации, насоки, новини за различни теми кои ќе Ви ја олеснат работата.

## 18. Немам никакво искуство во бизнис. Како Calivita® ќе ме поддржи во тоа?

Calivita Ви нуди готов бизнис модел, базиран на успешен систем, поставен и подобрен во текот на три децении. Овој систем Ви нуди одлично решение за започнување на успешно претприемништво! Покрај советите и водството на Вашиот спонзор, Calivita Ви нуди и тренинг програма наречена Calivita Бизнис Академија, како и online едукација, чија цел е да Ве поддржи во Вашиот личен развој и развојот на Вашиот бизнис.
Секако, како и во други бизниси, Вие сте одговорни за Вашиот бизнис, додека Компанијата континуирано Ве поддржува со корисни професионални и финансиски информации. Од самиот почеток, ќе добиете и начини на кои легално можете да го работите Вашиот бизнис.



## 19. Што претставуваат Бонусните Поени (БП), Трговските Поени (ТП), ниво на успех?

Системот на бонусни калкулации за нашите партнери на база на Бонусни Поени (БП) и Трговски Поени (ТП) е целосно транспарентен и дозволува лесна и брза калкулација на евентуалната заработка. Секој производ на Calivita има назначено одредена вредност на БП и ТП. Трговските Поени означуваат нето цена на производот, без ДДВ  (со исклучок на некои производи кои не се дел од програмата на Calivita, како на пр. маркетиншки материјали или производи на други компании).
Вкупната вредност на БП на Вашиот или на прометот на Вашата група во дадениот месец го одредува Вашето ниво на успех (Performance level), што понатаму означува попуст кој Ви следува за купување на производи во иднина. Впрочем, тоа е вредност во проценти (пресметана во пари) која Ви следи при наредните купувања (или пак исплата на средства на сметка) и зависно од нивото може да се движи од 4% до 21%.Овој процент ќе биде додаден на сумата на ТП (цената без ДДВ) од Вашиот промет (заедно со Вашата група), а тоа понатаму ќе бидат Вашите бонусни средства.
Бонусите се калкулираат со множење на процентот, кој претставува ниво на успех (4-21%) со нето вредноста (без ДДВ) на прометот од производи на Вашата група во дадениот месец (сумата на ТП на купените производи). Тука нема никакви скриени калкулации, бидејќи калкулираните бонуси се директно поврзани со вредноста на купените производи во Вашата група.
Овој пример е даден само за да Ви покаже како функционира калкулацијата, но сепак Ве советуваме добро да го прочитате Правилникот за Работа во Мрежата на Calivita®. Таму ќе ги најдете сите потребни информации како се калкулира евентуалната заработка, како и информации за дополнителни награди и бонуси кои Ви се достапни.
**Внимание!** Сумата на производи не мора да ја купувате Вие. Калкулацијата се прави според прометот на целата Ваша група. Најверојатно, ќе имате услов за личен бонус иако најголемиот дел од прометот ќе биде направен од членовите на Вашата група (впрочем, клучот на успехот во директната продажба, е концептот на пасивна заработка!). Доколку некој член, исто така постигне некое од нивоата на успех, во тој случај, од нивниот промет за Вас се калкулира само разликата од неговото до Вашето ниво на успех.
**Запомнете:** Секогаш можете да добиете дополнителни информации и одговори од Вашиот спонзор или пак во Calivita Центарот!
Понатаму со пристап до CV Bonus апликацијата на официјалната web страна www.calivita.mk, можете во секој момент да го проверите Вашиот и статусот на Вашата група во дадениот месец, со што можете на лесен начин да го зголемите Вашиот фокус и промет! Лозинката за влез во оваа апликација ќе Ви биде доделена од Calivita Центарот по Ваше писмено барање.



## 20. Како се калкулираат БП во парични средства?

Доколку Calivita Член купи производ во вредност приближно околу 600 ден. (со ДДВ) и истиот има 100 БП, а тој член сака да постигне ниво од 4% (ниво на успех 1000 ГБП), во тој случај треба да купи (сам или во неговата група) производи во вредност најмалку од 6000 ден. Купените производи со оваа вредност ќе имаат приближно 5700 ТП (без ДДВ).
Важно! Горенаведените БП/ТП се само пример, тие зависат и се различни кај секој производ и може да бидат различни доколку се промени цената или производот е на некоја промоција.




За да ја поедноставиме пресметката, претпоставуваме дека ќе купиш 10 производи Calivita за тебе и за твоите пријатели, а еден производ чини 600 денари (со вклучен ДДВ) и има 100 БП и 570 ТП:

**Збир на БП: 10 × 100 БП = 1000 БП**
**Збир на ТП: 10 × 570 ТП = 5700 ТП**

Акумулираните 1000 БП во овој месец ти носат ниво на успех од 4%, односно тие ти даваат право на приход од 4% од износот на ТП: **твој приход: 4% x 5700 ТП = 228 ден.**

## 21. Не разбирам како ќе заработувам доколку зачленувам други лица во Мрежата. Дали и тие нешто ќе заработуваат или пак тие ќе работат за мене? Дали јас работам за мојот спонзор?

Во Мрежата на Calivita, никој не работи за неговиот спонзор или кој било друг член на Мрежата. Секој Член е награден според својот труд, како за купување на производите на сопствениот Членски код (средства вложени за купување на производи за сопствено користење или понатамошна малопродажба) и за регрутирање нови членови, зависно од нивниот промет. На пример, доколку препорачате производи или услуги од Calivita на Вашите пријатели и успеете тројца од нив да зачлените во Вашата мрежа, во даден месец, а тие имаат купено производи според следниот пример (заедно со Вас):



Купувате производ во вредност од 600 ден. кој Ви носи калкулација на 100 БП и 570 ТП.
Тројцата членови кои сте го зачлениле со купување на производи од Calivita, се следните:
Владимир купил производи во вредност од 10.000 ден., калкулирајќи при тоа 1.690 БП и 9.500 ТП.
Марија купила производи во вредност од 20.000 ден., калкулирајќи при тоа 3.000 БП и 19.000 ТП.
Тања купила производи во вредност од 2.800 ден, калкулирајќи при тоа 298 БП и 2.660 ТП.
За дадениот месец, резултатите би изгледале на следниот начин:
Тања нема постигнато ниту едно ниво на успех, и затоа нема услов за бонус или попуст.
Владимир има постигнато ниво на успех од 4% (има калкулирано 1.690 БП, што е повеќе од мин. потребните 1.000 ГБП за 4%), затоа има дозволен бонус од 4% на неговите ТП, што значи 380 ден. (9.500 ТП x 4%).
Марија има постигнато ниво на успех од 7% (има калкулирано 3.000 БП, колку што се мин. Потребни БП за 7%), затоа има дозволен бонус од 7% на нејзините ТП, што значи 1330 ден. (19.000 ТП x 7%).
Во Вашата група има вкупно 5.088 БП (вкупно од Вашите лични БП и БП од сите што сте ги зачлениле во Вашата група / 100 + 1,690 + 3,000 + 298 БП), што значи дека сте постигнале ниво на успех од 7%. Calivita Ве наградува за активностите со кои сте ги мотивирале Вашите членови, без да им наштети на нив, нивниот промет или на кој било друг начин.
Следува пример како се калкулираат попустите или евентуалната заработка:
Вие добивате 7% од ТП на Вашата лична куповина (на Вашиот Членски код), што значи 40 ден. (570 ТП x 7%)
Тања не добива никаков бонус, бидејќи нема постигнато никакво ниво на успех, но сепак Вие ќе добиете 7% од ТП на Тања, што значи 186 ден. (2.660 ТП x 7%)
Владимир ќе добие 4% од ТП на личната куповина, но Calivita Ве наградува и Вас до разликата од Вашето ниво на успех (7% )и нивото на успех на Владимир (4%), а калкулирано од неговите ТП, што значи 285 ден. (9.500 ТП x 3%)Марија ќе добие 7% од ТП на личната куповина и воедно го има постигнато истото ниво на успех како и Вие. Ова значи дека нема да се калкулира ништо од ТП на Марија.
Како заклучок, во овој пример Вашата евентуална заработка би била  511 ден., што е практично 85% од парите кои сте ги потрошиле на почетокот (за купување на производ во вредност од 600 ден.)! Дали ова Ви звучи интересно!?
**Ова е тајната на нашиот бизнис:** Вие заработувате се повеќе со препорака на производите на Calivita како и преку зачленување на нови лица во Вашата група, без притисок да купувате или препродавате производи!
Дури и да не сакате да учествувате во овој бизнис модел, можете да имате бенефит и големи попусти, како резултат на купувањата на оние кои се зачлениле во Вашата група!
Горе направената калкулација претставува само основна калкулација за бонуси. Исто така Компанијата има низа на други наградни системи и бонуси, за да Ви помогне полесно да ја изградите својата мрежа од соработници.
**Важно:** Можеби од калкулацијата погоре увидовте дека немате никаква заработка за трудот кој сте го вложиле за зачленување на Марија (Компанијата не Ви исплаќа ништо од нејзината куповина), но сепак не заборавајте дека заедно со нејзината куповина Вие го постигнавте нивото на успех 7%. Без нејзините бодови во групата

ќе го постигневте само нивото на успех 4% и Вашата вкупна заработка ќе беше помала!
**Важно:** Не заборавајте да го проверите статусот на Вашето ниво на успех последните денови во месецот, преку CV Bonus апликацијата на www.calivita.mk или пак телефонски во Calivita Центарот. Со ова ќе можете да го искористите сите предности или најразлични можности за да постигнете ново или повисоко ниво на успех, се со цел да ја зголемите Вашиот евентуална месечна заработка!

## 22. Би сакал/а повеќе информации за бонусните исплати!

Како што е веќе напишано, нивото на успех се дефинира според вкупните БП калкулирани во дадениот месец. За сето ова има детален опис во Правилникот за работа на Мрежата на Calivita, но сепак треба да знаете:
Нивоата на успех 4%, 7% и 10% (до 9.000 ГБП) имаат можност за исплата на месечните бонусни добивки само како попуст на следно купување на производи на Calivita (наречено бонусен попуст),
Додека пак за нивоата на успех, 12%, 15%, 18% и 21% (од 18.000 ГБП) исплатата на месечните бонусни добивки се прави преку исплата на лична банковна сметка (наречено бонусна исплата).
Попустите кои Ви се дозволени можете да ги користите во период по истекот на месецот на калкулација. Вредноста на овие попусти се внесува во системот најдоцна до 10-ти во месецот кој следи по месецот на калкулација, од кога можете и слободно да ги искористите за некоја куповина или нарачка на производи.

## 23. Што ќе се случи со попустот кој го имам (во зависност од нивото на успех) доколку не го искористам еден месец од неговото објавување? Дали овие средства повеќе не можам да ги користам?

Попустите кои се дозволени за секој Членски код во зависност од нивното ниво на успех, можат да се користат 12 месеци по нивното објавување во системот. За ова време, можете да ги користите за купување на производи од Calivita, сѐ додека имате валидно членство во Мрежата на Calivita®. Доколку не сте ги искористиле попустите во период од 12 месеци (или пак сте ја изгубиле валидноста на Вашето членство), немате можност понатаму да ги користите истите и ги губите како такви.

## 24. Кој е максималниот процент на попуст кој можам да го добијам на една сметка/фактура?

Максималниот процент на попуст на една сметка/фактура е 50% од вкупната вредност (на сите производи наведени во неа).

## 25. Од кое ниво на успех може да ги добивам бонусните исплати како исплата во банка на сопствена сметка, а не како попуст?

За нивоата на успех, 12%, 15%, 18% и 21% (од 18.000 ГБП) исплатата на месечните бонусни добивки се прави преку исплата на лична банковна сметка (наречено

бонусна исплата). Истата исплата создава одредени правни и финансиски обврски кон Компанијата и кон државата. Ве советуваме да се информирате за ова од Правилникот за работа со Мрежата на Calivita®.

## 26. Кои услови треба да ги исполнам за една сметка/фактура да биде калкулирана за бонуси во одреден месец?

Важно е да се разбере дека месечните бонуси се калкулираат според платените сметки/фактури во Calivita Центарот за дадениот месец. Нарачките/куповините кои се прават во Calivita Центарот, платени во готово или со картичка, се калкулираат автоматски. Нарачките кои се прават преку поштенската достава, сепак се калкулираат во моментот кога ќе се примат од нарачателот, истите ќе се платат на курирот, а компанијата посредник доставувач ќе ги префрли истите средства на сметка на Calivita. Со ова се создава одреден временски простор кога тие БП ќе се калкулираат во системот. Нарачките по поштенска достава кои се плаќаат online исто така се калкулираат автоматски.
Во секое време можете да го проверите статусот на одредена сметка/фактура во контакт со Calivita Центарот или пак преку CV Bonus апликацијата на www.calivita.mk.
Важно: Не заборавајте да го проверите статусот на Вашето ниво на успех последните денови во месецот, преку CV Bonus апликацијата на www.calivita.mk или пак телефонски во Calivita Центарот. Со ова ќе можете да ги искористите сите предности или најразлични можности за да постигнете ново или повисоко ниво на успех, се со цел да ја зголемите Вашата евентуална месечна заработка!



## 27. Кои информации можам да ги најдам на официјалната Calivita® web страна (за Македонија), www.calivita.mk?

Соработката со Calivita може да биде поуспешна доколку ја користите и online платформата на Компанијата, www.calivita.mk! Со ова, можете да имате предност во серија есенцијални фактори за Вашиот бизнис: 24 часа, 7 дена во неделата, пристап до информации во секое време, можност за купување на производите на Calivita во секое време. Во делот пак, CV Bonus на web страната www.calivita.mk, можете во секое време да ги добиете сите информации за Вашата мрежа како и информации за нивото на успех, статусот на неплатени сметки (доколку се испратени по пошта/курир), развојот на целата група, информации и новини за организирани настани од страна на Компанијата, информации за нови производи или специјални промоции и др. Лозинката за влез во овој дел од Вашиот бизнис можете лесно да ја добиете преку контакт со Calivita Центарот.

## 28. Би сакал/а да изградам сопствен Calivita бизнис online, на моја лична web страна. Дали ова е возможно?

Секако, Calivita Ве поддржува и мотивира да ги користите сите напредни и модерни технологии! Ве очекуваме да не контактирате за да разговараме за можностите за online работење. Секако за почеток секој полноправен член при добивање на единствениот Членски код добива и сопствена веќе изградена web страна базирана на официјалната web страна и пристапот до неа е едноставен, бидејќи се состои од Вашето Име и Презиме на пример: (www.imeprezime.calivita.mk)
Доколку сакате, можете Вашиот бизнис да го фокусирате само на online работење, но треба да Ве информираме дека имаме успешни партнери кои постигнуваат одлични резултати со комбинација на класичниот принцип на работа и online работењето. Градењето на Вашата група ќе Ви овозможи поголема стабилност, и се разбира, поголем бизнис!

## 29. Би сакал/а да ги продавам производите на Calivita online, но сепак имам малку познавање со компјутерите и техниката!

Ова не претставува никаков недостаток! Секако за почеток секој полноправен член при добивање на единствениот Членски код добива и сопствена веќе изградена web страна базирана на официјалната web страна и пристапот до неа е едноставен, бидејќи се состои од Вашето Име и Презиме (на пр. www.imeprezime.calivita.mk). Calivita Ви нуди и можност за креирање на сопствена web страна, со само неколку клика. My Site е web базирана апликација која Ви овозможува да менаџирате сопствена страна без поголемо или претходно техничко познавање! Побарајте повеќе информации на www.calivita.mk.

## 30. Нема Calivita Центар во мојот град на живеење, како можам да ги нарачувам производите?

Ова не претставува никаков проблем за да ги добиете саканите или препорачаните производи на Calivita! Нашата Поштенска Служба Ви гарантира испорака на секоја направена нарачка (на кој било начин, online, телефонски преку некоја од социјалните мрежи, e-mail и др.) за време од 48 часа. Секако, секоја нарачка без разлика на сумата на производите за членовите на Calivita е бесплатна до нивната адреса (доколку плаќате при преземање може да се појават одредени банковни провизии кои зависат од самиот курир, додека испораката останува бесплатна).

## 31. Добив e-mail кој содржи “Performance list/Листа на месечни постигнувања”. Што претставува тоа?

Доколку добиете ваков документ од нашата официјална e-mail адреса, **тоа значат убави вести!** Ова Ви дава до знаење дека Компанијата има одвоени парични средства за Вас, кои можете да ги користите зависно од нивото на успех во дадениот месец на калкулација! Ова е информација со која се потврдува колку бонуси Ви се дозволени и доколку сте на ниво од 4%, 7% или 10% истите можете да ги користите како попуст при следните купувања на производи на Calivita, додека ако сте на некое од повисоките нивоа на успех истите треба да бидат префрлени на Вашата банковна сметка.

## 32. Кои се предностите на користење на Поштенската Служба на Calivita® Macedonia?

Без сомнение, брзината и флексибилноста се главните предности на Поштенската Служба на Компанијата. Ние Ви гарантираме дека Вашата нарачка ќе пристигне до секоја адреса во државата максимално за 48 часа, но практично 95% од истите се доставени за 24 или помалку часови од моментот на нарачување. Нарачките можете да ги направите на неколку начини, кои се адаптирани според потребите и можностите на сите корисници: телефонски, e-mail, online или преку некоја од социјалните мрежи.
Плаќањето и доставата на целата територија на државата може да се направи на неколку начина:
Online (преку сите платежни картички - освен American Express) преку официјалната страна на Компанијата www.calivita.mk или пак некоја од страните на нашите Партнери www.imeprezime.calivita.mk.
Предности: БП и ТП веднаш се калкулираат, нема дополнителни трошоци за достава, зависно од Вашата картичка - можност за плаќање на рати.
Однапред со вирманско плаќање во банка на некоја од сметките на Компанијата, со назнака „Авансно плаќање на ф-ра” или пак да го наведете бројот на сметка која ја имате претходно добиено од Calivita Центарот.
Предности: БП и ТП веднаш се калкулираат, нема дополнителни трошоци за достава.
Плаќање при преземање со плаќање на курирот при достава на нарачаните производи. (можни се дополнителни трошоци за банковна провизија која зависи од сумата на нарачката и самиот курир, сепак доставата е бесплатна).
**Напомена:** Доколку направите нарачка во последните 10 дена од месецот, за да можат да се калкулираат Вашите БП и ТП потребни за постигнување на ниво на успех, треба да го контактирате Calivita Центарот и да доставите доказ

дека нарачката е подигната и платена.
Доколку при преземање на Вашата нарачка забележите некоја нерегуларност со пакетот/пликото (непотполни документи, производи кои не сте ги нарачале, оштетени производи), веднаш контактирајте го Calivita Центарот или Поштенската служба и Компанијата ќе се потруди да го реши настанатиот проблем во најкраток можен рок, без дополнителни трошоци на Ваша страна.

## 33. Живеам во странство. Како можам да нарачам производи од Calivita?

Една од најголемите предности пред конкуренцијата е меѓународното присуство на Мрежата на Calivita!
Производите на Calivita можете да ги најдете во многу држави, а тоа можете наједноставно да го видите на маѓународната web страна www.calivita.com. Понатаму сите нарачки на членовите од Вашата група кои се направени во други држави надвор од државата на живеење, се калкулираат во бонусите на дадениот месец.
Calivita презема и доставува нарачки од сите членови на Мрежата на Calivita network, како и натурализирани членови (членски код 389XXXXXXX за МК) но со место на живеење во друга ЕУ држава. Цените на производите како и цените на достава зависат од државата каде се нарачува и доставува.
Доставата се врши од компанија соработник во државата каде што се врши истата, додека цените за истата се одредени од самата компанија соработник.
Време на достава: зависи од самата држава на достава, но најчесто од 2 до 7 дена. Максимална тежина на пакетот може да биде до 40 кг.
Доставата на нарачката ќе биде откако ќе се уплатат средствата за истата на сметката на Компанијата или пак по валидно online плаќање. За повеќе детали, Ве молиме контактирајте го Calivita Цантарот.

## 34. Дали знаевте дека...?

Calivita Македонија има официјални профили на социјалните мрежи кои можете да ги најдете на задната корица.
Додадете не како Ваш пријател, следете ги постовите направете Like или Share доколку некоја содржина Ви е интересна или корисна!
Секоја година во Јуни се организира познатиот Летен Камп на некое познато морско крајбрежје? Доколку сакате да уживате покрај море заедно со пријателите и семејството, доколку сакате забава, доколку сакате да запознавате нови интересни луѓе кои имаат слични цели како и Вие и да доживеете нови искуства, следете не и придружете ни се!
Во Calivita се ценат квалитетот на производите и бизнисот, но најмногу ги цениме и забавите кои се организирани за нашите најуспешни градители на мрежи! Новата работна година не се започнува без Calivita Балот! Ова е софистициран меѓународен настан организиран во висок стил, секоја година во различен град од Европа.
Признавањето на посветената и успешната работа на нашите деловни партнери е една од најважните традиции на Calivita®? За таа цел се организира Семинарот на Успех, кој се одржува секоја година во некое егзотично место и претставува луксузен одмор, привилегија само за најдобрите!

Придружете ни се и дозволете да Ви се случуваат убави работи во животот!

## ЗАЕДНО МОЖЕМЕ СÈ!!!

# DISCOVER

THE CALIFORNIA WAY OF LIFE

Правилник за работа
со мрежата на Calivita
(Правила и прописи)

Палета на
производи
на Calivita

# CALIVITA НА ВАШЕ РАСПОЛАГАЊЕ

Вашата порака секогаш има приоритет за нас.

Shine on

МАК-ФИТ д.о.о.е.л.
ул. св. Кирил и Методиј бр.20, 1000 Скопје
info@calivita.mk

www.calivita.mk | Calivita Makedonija | calivita_makedonija | www.calivitablog.com

Стапете во контакт со партнер на Calivita

Сликите се само за илустративни цели.
Calivita го задржува правото да направи измени на понудите претставени во брошурата. Calivita го задржува правото да прави графички промени на етикетите на производите.
Информациите во брошурата важат на денот на нејзиното објавување. Може да се појават промени или дополнувања после објавувањето.

Датум на печатење: декември 2023